This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

**КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“**

**НОЕМВРИ, 2024**



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЕУ ФОНДОВИ” КОК-179/22

Рочиштето на 01.11.2024 година се одложи поради отсуство на судија.

Рочиштето на 21.11.2024 година се одложи.

### „ТАРГЕТ-ТВРДИНА” КОК-11/23

Рочиштето на 07.11.2024 година се одложи поради отсуство на сведоци.

На 13.11.2024 година, се одржа рочиште за главна расправа на кое беа испитани сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

На 25.11.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше една обвинета.

На 27.11.2024 година, на главната расправа беа дадени завршни зборови од јавниот обвинител.

### „СИНЏИР” КОК-61/22

Рочиштето на 11.11.2024 година се одложи поради отсуство на една обвинета која не е достапна на органите на прогон.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

Рочиштето на 15.11.2024 година се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

### „НАРКО ГРУПА-ГРЧЕЦ“ КОК-117/24

На 18.11.2024 година, се одржа рочиште на кое се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 22.11.2024 година, се одржа рочиште на кое се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

### „ФЕНИКС” КОК-12/24

На 19.11.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вешто лице.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

Рочиштето на 27.11.2024 година се одложи поради отсуство на обвинети.

### „ТИТАНИК“ КОК-78/22

На 27.11.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа 20 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

На 29.11.2024 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори.

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „МОДУЛАРНА БОЛНИЦА-ТЕТОВО“ К-512/24

Рочиштето на 01.11.2024 година се одложи поради отсуство на судија.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

Рочиштето на 08.11.2024 година се одложи бидејќи немаше технички услови за аудио визуелно снимање на главната расправа.

### „УБИСТВОТО НА ВАЊА ЃОРЧЕВСКА И ПАНЧЕ ЖЕЖОВСКИ“ К-1339/24

На 13.11.2024 година година се одржа рочиште на кое се испитаа 6 сведоци предложени од јавниот обвинител.

На 15.11.2024 година година се одржа рочиште на кое се испитаа 5 сведоци предложени од јавниот обвинител.

На 20.11.2024 година година се одржа рочиште на кое се испитаа 3 сведоци предложени од јавниот обвинител.

На 25.11.2024 година година се одржа рочиште на кое се испитаа 3 сведоци предложени од јавниот обвинител.

### „КЛИНИКА ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 25.11.2024 година, на рочиштето за главна расправа оштетените се произнесоа по однос на имотноправното побарување.

### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д- ГРАДОНАЛАЧНИК НА КУМАНОВО“ К-115/24

На 27.11.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испита 1 сведок предложен од одбраната.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 06.11.2024 година, Судскиот совет ја одржа 504-та седница, на која меѓудругите точки на дневниот ред изврши избор на судии во Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Штип и избор на претседатели на Виш управен суд, Основен суд Велес и Основен суд Струга. Следствено на ова, за судии во Апелационен суд Гостивар се избрани судија Јетмир Хамзаи и судија Абдула Азари, додека пак за судии во Апелационен суд Штип се избрани судија Сузана Милевска, судија Анита Јорданова и судија Љупчо Спироски. За претседател на Виш управен суд е избрана судија Лидија Георгиевска, за претседател на Основен суд Велес е избрана судија Валентина Ѓорѓиевска, а за претседател на Основен суд Струга е избран судијата Вулнет Винца.

На 20.11.2024 година, Судскиот совет ја одржа 505-тата седница, на која меѓудругите точки одлучуваше и за избор на судии поротници, за надомест на патни трошоци на судии, а воедно и формираше комисии за оценување на судии. Советот на оваа седница исто така ги разгледа и ги усвои извештаите за работата на Апелационен суд Скопје, Основен суд Кавадарци и Основен суд Гевгелија. На крајот, Советот расправаше по одлуката на Државната комисија за спречување на корупција за назначување на членови на Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од страна на Судскиот совет на РСМ.

На 27.11.2024 година, Судскиот совет ја одржа 506-тата седница, на која меѓудругите точки одлучуваше за надомест на патни трошоци на судии, утврдување на престанок на мандат на судии поротници, разгледување на извештај на комисија за спроведено вонредно оценување на судии/претседатели на судови –кандидати за членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите. Исто така на оваа седница, Советот расправаше по претставки и поплаки од граѓани.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 15.11.2024 година, Советот ја одржа петтата седница на која се разгледуваа и оценуваа годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар и Вишото јавно обвинителство Штип.

На 18.11.2024 година, Советот ја одржа шестата седница на која што донесе одлука да се потврди одлуката на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија со која Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје се оддалечува од вршењето на функцијата јавен обвинител сметано од 11.11.2024 година за време додека трае кривичната постапка против него.

На 21.11.2024 година Советот ја одржа седмата седница на која што се разгледуваше Извештајот за работа на Вишото јавно обвинителство Битола со подрачните основни јавни обвинителства (Битола, Прилеп, Охрид, Струга и Ресен) за 2023 година. Исто така под точка 2 од дневниот ред, согласно дописот и барањето од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, Советот го номинираше јавниот обвинител Анел Фидоски за заменик член на Комисијата за завршен испит во Академијата за судии и јавни обвинители.

На 29.11.2024 година, Советот ја одржа деветтата седница на која го разгледа и усвои Годишниот извештај за 2023 година на Вишото јавно обвинителство Скопје. Исто така, донесе одлука за објавување на огласи за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп, двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје и јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Крива Паланка.